РепубликаСеверна Македонија
Државен инспекторат
за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Inspektorati shtetëror i
mjedisit jetësor

**Архивски бр.:** ИП1 17-99
**Дата:** 19.12.2024 година

Државниот инспекторат за животна средина преку Имрије Љума Мемеди со службена легитимација број 06-0002, изврши редовен инспекциски надзор во Правниот субјект ЈЗУ Општа Болница Др.Ферид Мурад. Со Записник бр. 17-99 од 18.12.2024 година. ја утврди фактичката состојба и врз основа на член 117 став 1 точка 15 од Закон за управување со отпад „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/2 и член 33 од Законот за инспекциски надзор во животната средина , „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 99/2022 донесе:

# РЕШЕНИЕ

**СЕ ЗАДОЛЖУВА** Правниот субјект ЈЗУ Општа Болница Др.Ферид Мурад Гостивар. Управуван од Арѓет Муча - Директор да преземе мерки за отстранување на недостатоците утврдени со записник бр. ИП1 17-99 од 18.12.2023 година и тоа:

1. Да ангажира стручно оспособено лице - управител за отпад согласно член 48 од Закон за управување со отпад „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21

**Рок: 30 (триесет) дена од приемот на решението**

2. Субјектот на испекцискиот надзор од точките 1 и 2 на ова решение е должен веднаш по истекот на рокот определен за извршување на инспекциската мерка а најдоцна во рок од три дена писмено или по електронска пошта да го извести инспекторот дали се извршени инспекциските мерки.

3. Доколку Државниот инспектор за животна средина, утврди дека не се постапува согласно Решението, ќе поднесе барање за поведување


ДржавенИнспекторат заживотна средина
Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor
Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263

прекршочна постапка до надлежен орган, согласно членот 117 став 3 од Законот за управување со отпад.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Државниот инспекторат за животна средина изврши редовен инспекциски надзор во ЈЗУ Општа Болница Др.Ферид Мурад. При надзорот беа присутни претставници од Државниот инспекторат за животна средина Имрије Љума Мемеди–Државен инспектор за животна средина, и Арѓет Муча –Директор на ЈЗУ Општа Болница Др.Ферид Мурад Гостивар . Согласно редовниот инспекциски надзор се изготви Записник за констатација со бр. ИП1 17-99 од 18.12.2024 година.
При увидот на лице место е констатирано следното: Правниот субјектот **нема назначувано стручно оспособено лице- управител за отпад согласно член 48 од Закон за управување со отпад** „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21.

Согласно член 48 став (1) од Законот за управување со отпад Лицата од членот 27 и членот 64 став (1), од овој закон се должни да назначат најмалку едно стручно оспособено лице - управител со отпад кој има овластување за управител за отпад. Согласно овластувањата што произлегуваат од Законот за управување со отпад во врска со член 117 став 1, точка 15 се донесе Решение како во диспозитивот.
Доколку субјектот не постапи согласно издаденото Решение на Државниот инспектор за животна средина и не ги отстранат причините за настаната состојба утврдени со решението , Државниот инспектор за животна средина ќе поднесе барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот прекршочен орган, согласно член 117 став 3 од Закон за управување со отпад „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 216/21.

**ПРАВНА ПОУКА:**
Против ова Решение согласно со членот 84 од Законот за инспекциски надзор (Службен весник на РСМ бр.102/2019) може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочна постапка.

Жалбата се таксира со 250,00 (двеста и педесет) денари административни таксени марки и се поднесува во два примероци.

Решено во Државен инспекторат за животна средина-канцеларија Гостивар под број ИП1 17-99 на ден 19.12.2024 година.

Државен инспектор за животна средина
Имрије Љума Мемеди

Доставено до:
Архива
ЈЗУ Општа Болница Др.Ферид Мурад
Општина Гостивар



Палата Емануел Чучков
Јордан Мијалков, 5-спрат, Скопје 1000,
Република Северна Македонија

Pallati Emanuel Cuckov,
Jordan Mijalkov, 5-kat, Shkup 1000)
Republika e Maqedonisë së Veriut

i.luma@sei.gov.mk
tel.076 446 263